Влада на Република Северна Македонија

Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

Н А Ц Р Т

# З А П И С Н И К

од Дваесет и третата седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 24.9.2020 година

Скопје, септември 2020 година

З А П И С Н И К
од Дваесет и третата седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 24.9.2020 година

Седница започна во 10:00 часот, во Клубот на органите на управата.

Со седницата претседаваше претседателката на Советот, Фани Каранфилова-Пановска од Фондацијата Отворено општество Македонија Скопје.

На седницата присуствуваа заменичката на претседателката на Советот, Гордана Гапиќ-Димитровска, Министерство за информатичко општество и администрација; и членовите и членовите на Советот: Валентина Шаурек, Министерство за правда; Сафет Незири, Министерство за образование и наука; Душан Томшиќ, Министерство за труд и социјална политика; Ели Чакар, Министерство за локална самоуправа; и Томислав Андоновски, Агенција за млади и спорт; Сабина Факиќ, Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК Скопје; Уранија Пировска, Здружение Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија Скопје; Александар Николов, Асоцијација за развојни иницијативи – ЗЕНИТ Скопје; Теодора Столевска, Здружение на граѓани Младински образовен форум Скопје; Наташа Бошкова, Коалиција сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници Маргини Скопје; Ирена Цветковиќ, Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска Скопје; Елизабета Божиноска, Здружение ХЕРА-Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје; Снежана Трпевска, Здружение на новинарите на Македонија Скопје и Силвија Митевска, Здружение за унапредување на меѓусебна доверба Такт Скопје.

На седницата отсуствуваа членовите на Советот: Никица Бачовски, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; Ана Петровска, Министерство за здравство; Христина Конеска-Бероска, Секретаријат за европски прашања, Атула Касуми, Министерство за политички систем и односи помеѓу заедниците и Ана Чоловиќ-Лешоска, Здружение Центар за истражување и информирање за животната средина Еко-свест Скопје, а по електронски пат се изјаснија членовите: Јасминка Ангелова, Министерство за внатрешни работи; Сашо Секуловски, Министерство за животна средина и просторно планирање; Зоран Илиески, Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп; Марио Јанчев, Здружение на граѓани СОС Детско село Северна Македонија Скопје; Лилјана Јоноски, Здружение Рурална коалиција Куманово и Јане Чаловски, Јадро Асоцијација на независната културна сцена Скопје.

На седницата присуствуваа и: Васка Драшковиќ (замена за Марио Јанчев) и Јованка Попова (замена за Јане Чаловски), како и претставници од Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат: Сузана Никодијевиќ-Филиповска, Весна Тасевска и Сања Савовска.

*

*          *

Д Н Е В Е Н   Р Е Д

- Усвојување на Записникот од 22. (дописна) седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 19.6.2020 година

1. Учество на претставници на граѓанскиот сектор во Заедничките работни групи за програмите за прекугранична соработка во рамки на ИПА 3 (2021-2027)

2. Повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на годишната Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година

3. Разно

*

*   *

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со 21 гласа „за“ и ниту еден глас „против“, го усвои Записникот од 22. (дописна) седница на Советот, одржана на 19.6.2020 година.

*

*   *

**<u>Точка 1</u>**

Во однос на првата точка, на барање на претседателката на Советот Фани Каранфилова-Пановска, Сузана Никодијевиќ-Филиповска информираше дека на Јавниот повик за учество на претставници на граѓанскиот сектор во Заедничките работни групи за програмите за прекугранична соработка во рамки на ИПА 3 (2021-2027), што Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, на барање на Министерството за локална самоуправа, го објави на 20.7.2020 година на www.nvosorabotka.gov.mk, во продолжениот рок до 10.9.2020 година, пристигнати се вкупно 29 пријави. Од административната обработка на пријавите од страна на Одделението за соработка со невладини организации утврдено е дека 4 пријави се пристигнати по истекот на рокот (10.9.2020 година до 12:00 часот), 1 пријава е од организација што не е регистрирана согласно Законот за здруженија и фондации (синдикат) и 2 организации не се регистрирани најмалку 3 години пред објавувањето на повикот, а за 11 организации/кандидати дадени се коментари во однос на доставените документи или исполнување на условите од јавниот повик.

Ирена Цветковиќ предложи да има уште едно продолжување на рокот на повикот, но Ели Чакар укажа дека процесот на програмирање е веќе започнат и ако има уште едно продолжување на рокот вклучувањето на претставниците од граѓанскиот сектор ќе биде во одмината фаза.

Сабина Факиќ запраша зошто одѕивот на граѓанските организации е слаб и го отвори прашањето дали јавниот повик треба да се поништи.

Валентина Шаурак предложи да се разгледаат пријавите и да се даде можност за учество во работните групи на организациите и кандидатите кои имаат доставено целосна документација и ги исполнуваат условите од Јавниот повик.

Александар Николов и Томислав Андоновски забележаа дека недостасува ефикасен механизам за избор на претставници од граѓанскиот сектор во работните групи.

Фани Каранфиловска-Пановска објасни дека во Јавниот повик јасно се дефинирани критериумите за избор на членови во работните групи, но загрижува фактот што постои мал интерес за учество на граѓанските организации и истакна дека треба да се земат во предвид само оние кандидати кои ги исполнуваат сите услови (административни и условите кои се наведени во јавниот повик согласно барањето од Министерство за локална самоуправа), а за Програмата за прекугранична соработка со Република Грција, каде има 5 кандидати кои ги исполнуваат условите, да се даде предност на организациите со кандидати со седиште надвор од Скопје. Со овој предлог се согласија членовите на Советот.

**Заклучоци:**

1. Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор ги номинира следните кандидати за претставниците на граѓанскиот сектор во Заедничките работни групи за програмите за прекугранична соработка во рамки на ИПА 3 (2021-2027):

- **Програма за прекугранична соработка Република Северна Македонија – Република Албанија 2021-2027 во рамки на ИПА 3**
  Со 20 гласа „за“, од кои 13 од членовите од редот на граѓанските организации и 2 воздржани е избран кандидатот за:
  Член: Светлана Петковска-Организација на жени на Општина Битола-Битола.

- **Програма за прекугранична соработка Република Северна Македонија – Република Косово 2021-2027 во рамки на ИПА 3**
  Со 20 гласа „за“, од кои 13 од членовите од редот на граѓанските организации и 2 воздржани е избран кандидатот за:
  Член: Сања Ристиќ- СМАРТ АП-Лабораторија за социјални иновации-Скопје.

- **Програма за прекугранична соработка Република Северна Македонија – Република Србија 2021-2027 во рамки на ИПА 3**
  Со 18 гласа „за“, од кои 13 од членовите од редот на граѓанските организации и 2 воздржани се избрани кандидатите за:
  Член:Ивана Петровска- Подружница на Асоцијација на агенции за локална демократија АЛДА-Скопје,
  Заменик член: Арсенија Дејаноска-Сарагинова-Здружение за значење на еколошкото образование за осовременување на образовниот процес ЗЕОООП-Скопје.

- **Програма за прекугранична соработка Република Северна Македонија – Република Бугарија 2021-2027 во рамки на ИПА 3**
  Со 19 гласа „за“, од кои 12 од членовите од редот на граѓанските организации и 2 воздржани са избрани кандидатите за:
  Член: Игор Георгиев- Центар за одржлив развој ЕЛИПСА- Куманово;

Заменик член: Ивана Балабанова- Здружение на граѓани за образование и обука од областа на танцот и културно-уметнички активност БИТРИКС КРУ-Скопје.

- **Програма за прекугранична соработка Република Северна Македонија – Република Грција 2021-2027 во рамки на ИПА 3**
  Со 16 гласа „за“, од кои 11 од членовите од редот на граѓанските организации и 2 воздржани се избрани кандидатите за:
  Член: Ацо Ристовски-Фондација Аполонија- Гевгелија, и
  Заменик член: Горан Саздов-Здружение за одржлив развој на регионот Мариово с. Витолиште-Прилеп.

2. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат да подготви известување до Министерството за локална самоуправа за номинираните претставници на граѓанскиот сектор во Заедничките работни групи за програмите за прекугранична соработка во рамки на ИПА 3 (2021-2027).

**<u>Точка 2</u>**

Во однос на втората точка која се однесува на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на годишната Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година, на барање на претседателката Фани Каранфиловска-Пановска, Сузана Никодијевиќ-Филиповска информираше дека секоја година Одделението за соработка со невладини организации на својата веб страница и на Единствениот национален електронски регистар на прописи на Република Северна Македонија (ЕНЕР), објавува Повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на годишната Програма за работа на Влада на Република Северна Македонија. Оваа година повикот беше објавен на 2 септември и траеше до 23 септември. Во рокот се доставени 25 иницијативи во различни области. По добивање на иницијативите, Одделението за соработка со невладини организации со допис ги испраќа до ресорните министерства за понатамошно постапување. Иницијативите и одговорите од министерствата се објавуваат на www.nvosorabotka.gov.mk во делот Предлози од граѓански организации.

Ели Чакар препорача да се даде рамка на кое ниво треба да бидат иницијативите, со оглед на фактот дека досега доставените иницијативи до Министерството за локална самоуправа најчесто се на ниво на локализирани активности.

Елизабета Божиноска истакна дека граѓанските организации имаат забелешка на тоа што повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на годишната Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија се однесува само на законски иницијативи, и потребно е да се даде можност за придонес на граѓанските организации со предлог инцијативи кои се однесуваат на политики и програми.Фани Каранфиловска-Пановска потсети дека Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор утврди Анализа на финансиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија (од 2017 година до прва половина на 2019 година) со Компаративна анализа на моделите за државно финансирање од другите земји и Предлог-модел на Фонд за институционална поддршка на граѓанските организации и ко-

финансирање на ЕУ- проектите во РСМ, која поради предвремените парламентарни избори и техничката Влада, не беше доставена за разгледување на Владата и предложи Одделението за соработка со невладини организации да подготви придружни материјали со кои Анализата ќе се достави до Владата на Република Северна Македонија.

По дискусијата за Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на годишната Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година, беше забележан позитивниот тренд на интерес од страна на граѓанскиот сектор за учество на повикот и воедно беше посочено дека е потребно да се даде можност на граѓанските организации своите предлози за унапредување на програми и политики да можат да ги дадат преку овој вид на иницијатива. За таа цел, Советот му препорача на Одделението за соработка со невладини организации да го продолжи рокот за доставување на иницијативите и за тоа да направи објава на веб страницата на Одделението.

**Заклучоци:**

1. Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор му препорачува на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат да го продолжи рокот на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на годишната Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година, за да се излезе во пресрет на интересот на граѓанските организации за доставување на иницијативи поврзани и со програми и политики.

2. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат за подготви придружни материјали и да ја достави до Владата на Република Северна Македонија Анализата на финансиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија (од 2017 година до прва половина на 2019 година) со Компаративна анализа на моделите за државно финансирање од другите земји и Предлог-модел на Фонд за институционална поддршка на граѓанските организации и ко-финансирање на ЕУ-проектите во РСМ.

**Точка 3**

Претседателката на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, Фани Каранфилова-Пановска, информираше дека Советот работи без четири члена, на кои мандатот им престанал, три члена од редот на администрацијата (од Министерството за финансии, Министерството за култура и Министерство за економија) и еден член од редот на граѓанските организации од областа ЕУ интеграции и политики и дека Одделението за соработка со невладини организации подготви дописи до ресорните министерства за номинирање на нови членови во Советот. Во однос областа ЕУ интеграции и политики Одделението за соработка со невладини организации два пати објави Јавен повик, но немало пристигнато пријави.

Ели Чакар предложи да се следи практиката на локално ниво со градоначалниците, односно бидејќи до истекот на мандатот преостанува помалку од 6

месеци, да не се започнува постапка за избор на нов член на Советот во областа ЕУ интеграции и политики.

Сузана Никодијевиќ-Филиповска информираше дека мандатот на постојните членови на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор истекува на 3 април 2021 година, постапката за избор на нови членови трае 2 месеци и Одделението за соработка со невладини организации планира да започне постапка за избор на нов состав на Советот во јануари 2021 година. Потсети на дискусиите од претходни седници на Советот за потребата од изменување на Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, особено во делот на воведување заменик-член, но и на активностите за анализа на работата на Советот во рамките на проектот поддржан од Европската Унија „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија".

Фани Каранфилова-Пановска информираше за одржувањето на Фокус група за членовите на Советот во рамките на овој проект од која произлегле неколку предлози за подобро функционирање на Советот и дека има можност да биде организирана работилница на која би се разгледале овие предлози.

Сабина Факиќ посочи дека е потребно за измените на Одлуката за формирање на Советот да се спроведе широк круг на консултации и предложи да се повикаат граѓанските организации преку Јавен повик на www.nvosorabotka.gov.mk да учествуваат во овој процес.

Гордана Гапиќ-Димитровска потсети дека Единствениот национален електронски регистар на прописи на Република Северна Македонија (ЕНЕР) од неодамна е надграден со Форум за дискусија и предложи и таа алатка да биде искористена во овој процес. Исто така, информираше дека од следната недела започнува процесот на подготовка на нов Акциски план за Отворено владино партнерство 2021-2023 и дека преку Одделението за соработка со невладини организации ќе биде доставена покана до Советот за учество на е-конференцијата „Отворено владино партнерство – дијалог за Националниот акциски план 2021-2023" која ќе се одржи преку платформата ZOOM, на 30 септември 2020 година. Конференцијата има за цел промоција на иницијативата Отворено владино партнерство меѓу граѓанските организации и подетално да ги информира за придобивките и остварениот напредок, како и да создаде простор за дискусија на следните чекори во ко-креирањето на новиот акциски план 20201-2023.

Душан Томшиќ најави дека Министерството за труд и социјална политика ќе достави Барање до Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор за номинирање на два претставници од граѓанскиот сектор во Заедничкиот консултативен комитет на Република Северна Македонија и Европскиот економски и социјален комитет.

Членовите на Советот на седницата дискутираа и за статусот на реализација на тековната Стратегија на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018 – 2020 година и побараа од Одделението за соработка со невладини организации да изработи ажуриран преглед/ статус на реализација, заклучно со септември 2020 година и да го достави на разгледување до Советот за наредната седница што ќе се одржи во октомври 2020 година.

**Заклучоци:**

1. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат да достави барања до Министерството за финансии,

Министерството за економија и Министерството за култура за номинација на нови членови во Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор.

2. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат да подготви текст на Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, по спроведен консултативен процес со граѓанските организации за потреба од изменување на Одлуката, преку објавување на јавен повик на www.nvosorabotka.gov.mk, добиени предлози од членовите на Советот, активности во рамките на проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија" и други форми на консултација.

3. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат за наредната седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, што ќе се одржи во октомври 2020 година, да подготви ажуриран преглед/статус на реализација на Акцискиот план за спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (2018-2020), заклучно со септември 2020 година (табеларен дел и резиме во вид на наративен текст).

Седница заврши во 12:00 часот.

Претседателка на Советот за соработка со
и развој на граѓанскиот сектор
Фани Каранфилова-Пановска

Подготвиле: Весна Тасевска и Сања Савовска
Одобрила: м-р Сузана Никодијевиќ-Филиповска